Детската градинка може одделни услуги од својата дејност да ги организира и во други просторни услови (основно училиште, болница, дом на култура, месна заедница и други установи и објекти), по претходно добиена согласност од министерството, како и давање на одредени услуги на деца и семејства во согласно со Законот.

Во согласност со нормативите и стандардите за вршење на дејноста, по претходно добиена согласност од министерството и интересот на родителите, детската градинка може да формира група/и во други општини.

Постапката за отварање на група/и во други просторни од став 2 на овој член се поведува по барање на основачот на детската градинка и Општината во која нема детска градинка.

Член 18

Во состав на детската градинка може да се формира и советувалиште за деца и родители како служба, согласно критериумите донесени од Министерот.

Член 19

Згрижувањето и воспитанието на децата во детската градинка се остварува во хомогени групи, во зависност од возраста на децата и тоа:

1. до 12 месеци_____ од 6 до 8 деца
2. над 12 месеци до 18 месеци _____ од 8 до 10 деца
3. над 18 месеци до 2 години_____од 10 до 12 деца
4. над 2 години до 3 години _____ од 12 до 15 деца
5. над 3 години до 4 години _____ од 15 до 18 деца
6. над 4 години до 5 години _____од 18 до 20 деца
7. над 5 години до 6 години _____ од 20 до 25 деца

Во детската градинка по исклучок, во зависност од возраста на децата, може да се организира:

1. Хетерогена група
- до две години _____од 10 до 12 деца
- од две години до поаѓање во основно училиште _____ од 18 до 20 деца
2. Комбинирана група
- од 12 месеци до поаѓање во основно училиште _____од 15 до 20 деца
3. група деца со пречки во развој _____од 5 до 8 деца

4. група деца од шест години, односно од поаѓање во основно училиште до 10 години _____ од 20 до 30 деца.

Во групите од ставот 1 и во точките 1 и 2 од ставот 2 на на овој член може да се вклучи едно дете со лесни пречки во менталниот развој или телесна попреченост , во кој случај бројот на децата во групите се намалува за две деца.

По исклучок, во зависност од условите за работа, потребата на децата и родителите или програмите за остварување на дејноста, детската градинка во групите може да има поголем број на деца, односно помал број на деца утврдени во ставовите 1 и 2 на овој член, за што согласност дава основачот на детската градинка.

Во детската градинка сите активности се изведуваат на македонски јазик и кирилско писмо.

Член 20

Во детската градинка се организира згрижување и воспитание на деца со пречки во менталниот развој или телесна попреченост, сообразно на видот и степенот на попреченоста, односно: слепи и слабовидни деца, глуви и наглуви деца, деца со пречки во говорот, деца со телесна инвалидност, како и деца со тешкотии во однесувањето и личноста.

Детската градинка го организира згрижувањето и воспитанието на децата со лесна попреченост во менталниот развој и телесна попреченост во редовните групи со дополнителна стручна помош.

Детската градинка го организира згрижувањето и воспитанието на децата со умерена попреченост во менталниот развој или телесна попреченост во посебни групи според посебни програми.

Член 21

Детската градинка, згрижувањето и воспитанието на децата од предучилишна возрст го остварува преку годишна програма за работа.

Детската градинка донесува Годишна програма за работа најдоцна до 31 август во тековната година за наредната година, подготвена од стручните органи врз основа на мислење од Советот на родители.

Годишната програма за работа содржи: организација и работно време на детската градинка, програмите на детската градинка, распоредување на децата во групи, работата на директорот и стручните и други работници, соработка со родителите, соработка со воспитно – образовни, спортски, здравствени, културни, научни и други установи, фондации, здруженија, активности за вклучување на децата во градинка, перманентно стручно усовршување на вработените, работа на стручните органи и други работи за остварување на дејноста.

Член 22

Детската градинка има развоен план.

Развојниот план на детската градинка е стратешки план за развој кој ги содржи приоритетите за остварување на дејноста на детската градинка за згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст, планот и носителите на активности.

Развојниот план го изработува органот на раководење за период од три до пет години, а го усвојува Управниот одбор.

Индикаторите за вреднување на успехот на планираните активности од развојниот план од ставот (1) на овој член ги пропишува министерот.

Член 23

Детската градинка запишува и прима деца врз основа на пријави преку целата година.

Ако во детската градинка има пријавено поголем број на деца отколку што има слободни места, за приемот решава Комисија за прием на деца.

Составот и начинот на работа на Комисијата за прием на деца, како и поблиските критериуми за приемот на децата ги утврдува управниот одбор на градинката во согласност со Советот на Општината.

Комисијата ја именува директорот.

По жалба против решението на Комисијата решава градоначалникот на Општината.

Член 24

При приемот на детето во детската градинка, родителите се должни да приложат потврда од матичниот лекар за здравствената состојба на детето, односно наод и мислење од соодветна стручна институција за дете со пречки во менталниот развој или телесна попреченост, потврда од вакцинација за уреден вакцинален статус или потврда од доктор специјалист кој потврдува за причллината за времето на одложување на прием на вакцина.

Управниот одбор на детската градинка посветува внимание и ги следи состојбите во врска со приемот на децата со пречки во развојот, односно за социјално - економските услови во семејството.

Меѓусебните права и обврски на детската градинка и корисниците на услугите се уредуваат со договор со кој особено се регулираат меѓусебните односи на давателот и корисникот на услугата, квалитетот на услугата, начинот на плаќањето, изборот на програмата, должината на престојот на детето во детската градинка и други прашања во поглед на заштитата на детето и дејноста на детската градинка.

Член 25

Детската градинка заради зачувување и унапредување на здравјето на децата ја следи дневната здравствена состојба на децата, соработува со установи надлежни за здравствена заштита на децата и спроведува превентивни мерки за заштита на здравјето на децата.

Детската градинка има обврска во случај на појава на нарушување на нормалната здравствена состојба да го извести родителот на детето, а во случај

на поголем број на заболени деца, веднаш да ги извести надлежната здравствена установа и Министерството за социјална политика, демографија и млади како и основачот.

3. СТРУЧЕН КАДАР

Член 26

Работните места на вработените се групираат во групи и подгрупи согласно со Законот за вработените во јавниот сектор:

- административни службеници,
- даватели на јавни услуги во јавните установи за деца и
- помошно - технички лица.

(2) Вработените во јавните установи за деца кои вршат работи од административна природа имаат статус на административни службеници.
(3) За вработените од ставот (2) на овој член категориите, нивоата и звањата се утврдуваат согласно со Законот за административните службеници.
(4) За прашањата кои се однесуваат на класификацијата, евиденцијата, вработувањето, унапредувањето, стручното усовршување и оспособување, системот на плата, мерењето на ефектот и други прашања во врска со работниот однос на административните службеници во јавните установи за деца се применуваат одредбите од Законот за административните службеници.
(5) Вработените во јавните установи за деца, кои вршат помошно-технички работи, имаат статус на помошно-технички персонал.
(6) За прашањата кои се однесуваат на класификацијата, евиденцијата, вработувањето и други прашања во врска со работниот однос на помошно техничкиот персонал во јавните установи за деца, се применуваат одредбите од Законот за заштита на децата, Законот за вработените во јавниот сектор и општите прописи за работни односи.

Член 27

(1) Вработените во јавните установи за деца кои вршат згрижувачко - воспитни работи, воспитно - образовни работи, педагошки и психолошки работи, работи на социјална заштита на децата, работи на превентивна здравствена заштита на децата, стручни работи за заштита на децата, стручни работи за одмор и рекреација на деца и други стручни работи за заштита на деца.
(2) За вработените од ставот (1) на овој член се утврдуваат следниве категории на работни места:

- категорија А – раководител на објект,
- категорија Б - стручни работници,
- категорија В - воспитувачи,
- категорија Г – стручни соработници,
- категорија Д - негувател /помошно стручен работник.

(1) (1) Во рамките на категоријата А се утврдува следното ниво на работни места на раководители на објекти: - ниво А1 раководител на објект на установа за деца.

(2) Во рамките на категоријата Б се утврдуваат следните нивоа на работни места на стручните работници:

- ниво Б1 советник,
- ниво Б2 ментор,
- ниво Б3 стручен работник,
- ниво Б4 приправник.

(3) Во рамките на категоријата В се утврдуваат следните нивоа на работни места на воспитувачи:

- ниво В1 советник,
- ниво В2 ментор,
- ниво В3 воспитувач,
- ниво В4 приправник.

(4) Во рамките на категоријата Г се утврдуваат следните нивоа на работни места на стручни соработници:

- ниво Г1 советник,
- ниво Г2 ментор,
- ниво Г3 стручен соработник,
- ниво Г4 приправник.

(5) Во рамките на категоријата Д се утврдуваат следните нивоа на работни места на неговател/помошно-стручен работник:

- ниво Д1 советник,
- ниво Д2 ментор,
- ниво Д3 неговател/помошно стручен работник,
- ниво Д4 приправник. за негувател).“

(6) Вработените од ставот (1) на овој член треба да ги исполнуваат следниве посебни услови: - за ниво А1 со соодветно високо образование за вработени од редот на стручните работници од ниво Б1, Б2 и Б3, односно од редот на воспитувачи од ниво В1, В2, В3, најмалку пет години работно искуство во установата, со соодветна лиценца за работа за стручен работник односно за воспитувач. (7) Вработените од ставот (2) на овој член треба да ги исполнуваат следниве посебни услови:

- за ниво Б1 - дипломиран педагог, дипломиран психолог, дипломиран социјален работник, дипломиран дефектолог/специјален едукатор и рехабилитатор, дипломиран логопед, доктор на медицина, доктор на стоматологија, со стекнати 240 кредити по ЕКТС или завршен VII/1 степен, важечка лиценца за стручен работник, со најмалку пет години работно искуство по дипломирањето во струката.
- за ниво Б2 - дипломиран педагог, дипломиран психолог, дипломиран социјален работник, дипломиран дефектолог/специјален едукатор и рехабилитатор, дипломиран логопед, доктор на медицина, доктор на стоматологија, со стекнати 240 кредити по ЕКТС или завршен VII/1 степен,

важечка лиценца за стручен работник, со најмалку три години работно искуство по дипломирањето во струката.

- за ниво Б3 - дипломиран педагог, дипломиран психолог, дипломиран социјален работник, дипломиран дефектолог/специјален едукатор и рехабилитатор, дипломиран логопед, доктор на медицина, доктор на стоматологија, со стекнати 240 кредити по ЕКТС или завршен VII/1 степен, важечка лиценца за стручен работник со најмалку една година работно искуство во струката.

- за ниво Б4 - дипломиран педагог, дипломиран психолог, дипломиран социјален работник, дипломиран дефектолог/специјален едукатор и рехабилитатор, дипломиран логопед, доктор на медицина, доктор на стоматологија, со стекнати 240 кредити по ЕКТС или завршен VII/1 степен, важечка лиценца за стручен работник, без/со работно искуство.

(8) Вработените од ставот (3) на овој член треба да ги исполнуваат следниве посебни услови:

- за ниво В1 - воспитувач на деца над две години возраст до шест години возраст, односно до поаѓање во основно училиште (дипломиран професор по предучилишно воспитание, дипломиран воспитувач на деца од предучилишна возраст, дипломиран педагог за предучилишно воспитание и дипломиран педагог), со стекнати 240 кредити според ЕКТС или завршено високо образование VII/1 степен и воспитувач за престој на деца на возраст од шест години, односно од поаѓање во основно училиште до десет години возраст (дипломиран професор по предучилишно воспитание, дипломиран воспитувач на деца од предучилишна возраст, дипломиран педагог за предучилишно воспитание и дипломиран педагог), со стекнати 240 кредити според ЕКТС или завршено високо образование VII/1 степен или лице со завршени студии за одделенска настава VII/1 степен и да се со важечка лиценца за воспитувач и најмалку пет години работно искуство по дипломирањето во струката.

- за ниво В2 - воспитувач на деца над две години возраст до шест години возраст, односно до поаѓање во основно училиште (дипломиран професор по предучилишно воспитание, дипломиран воспитувач на деца од предучилишна возраст, дипломиран педагог за предучилишно воспитание и дипломиран педагог), со стекнати 240 кредити според ЕКТС или завршено високо образование VII/1 степен и воспитувач за престој на деца на возраст од шест години, односно од поаѓање во основно училиште до десет години возраст (дипломиран професор по предучилишно воспитание, дипломиран воспитувач на деца од предучилишна возраст, дипломиран педагог за предучилишно воспитание и дипломиран педагог), со стекнати 240 кредити според ЕКТС или завршено високо образование VII/1 степен или лице со завршени студии за одделенска настава VII/1 степен и да се со важечка лиценца за воспитувач и најмалку три години работно искуство во струката.

- за ниво В3 - воспитувач на деца над две години возраст до шест години возраст, односно до поаѓање во основно училиште (дипломиран професор по предучилишно воспитание, дипломиран воспитувач на деца од предучилишна возраст, дипломиран педагог за предучилишно воспитание и дипломиран

педагог), со стекнати 240 кредити според ЕКТС или завршено високо образование VII/1 степен и воспитувач за престој на деца на возраст од шест години, односно од поаѓање во основно училиште до десет години возраст (дипломиран професор по предучилишно воспитание, дипломиран воспитувач на деца од предучилишна возраст, дипломиран педагог за предучилишно воспитание и дипломиран педагог), со стекнати 240 кредити според ЕКТС или завршено високо образование VII/1 степен или лице со завршени студии за одделенска настава VII/1 степен и да се со важечка лиценца за воспитувач и најмалку една година работно искуство во струката.

- за ниво В4 - воспитувач на деца над две години возраст до шест години возраст, односно до поаѓање во основно училиште (дипломиран професор по предучилишно воспитание, дипломиран воспитувач на деца од предучилишна возраст, дипломиран педагог за предучилишно воспитание и дипломиран педагог), со стекнати 240 кредити според ЕКТС или завршено високо образование VII/1 степен и воспитувач за престој на деца на возраст од шест години, односно од поаѓање во основно училиште до десет години возраст (дипломиран професор по предучилишно воспитание, дипломиран воспитувач на деца од предучилишна возраст, дипломиран педагог за предучилишно воспитание и дипломиран педагог), со стекнати 240 кредити според ЕКТС или завршено високо образование VII/1 степен или лице со завршени студии за одделенска настава VII/1 степен и да се со важечка лиценца за воспитувач, без/со работно искуство во струката.

(9) Вработените од ставот (4) на овој член треба да ги исполнуваат следниве посебни услови:

- за ниво Г1 - музички педагог, дипломиран ликовен педагог, дипломиран педагог по физичко воспитание, завршен факултет за музичка уметност, факултет за физичко образование, спорт и здравје, факултет за ликовни уметности, дипломиран професор по странски јазик и книжевност, со стекнати 240 кредити по ЕКТС или завршен VII/1 степен, важечка лиценца за стручен соработник, со најмалку пет години работно искуство по дипломирањето во струката.

- за ниво Г2 - музички педагог, дипломиран ликовен педагог, дипломиран педагог по физичко воспитание, завршен факултет за музичка уметност, факултет за физичко образование, спорт и здравје, факултет за ликовни уметности, дипломиран професор по странски јазик и книжевност, со стекнати 240 кредити по ЕКТС или завршен VII/1 степен, општа медицинска сестра, дипломирана медицинска сестра/медицински техничар, медицинска сестра/техничар, виша медицинска сестра, со стекнати 180 кредити или завршен VI/1 степен, важечка лиценца за стручен соработник, со најмалку три години работно искуство по дипломирањето во струката.

- за ниво Г3 - музички педагог, дипломиран ликовен педагог, дипломиран педагог по физичко воспитание, завршен факултет за музичка уметност, факултет за физичко образование, спорт и здравје, факултет за ликовни уметности, дипломиран професор по странски јазик и книжевност, со стекнати 240 кредити по ЕКТС или завршен VII/1 степен, општа медицинска сестра,

дипломирана медицинска сестра/медицински техничар, медицинска сестра/техничар, виша медицинска сестра, со стекнати 180 кредити или завршен VI/1 степен, важечка лиценца за стручен соработник, со најмалку една година работно искуство по дипломирањето во струката.

- за ниво Г4 - музички педагог, дипломиран ликовен педагог, дипломиран педагог по физичко воспитание, завршен факултет за музичка уметност, факултет за физичко образование, спорт и здравје, факултет за ликовни уметности, дипломиран професор по странски јазик и книжевност, со стекнати 240 кредити по ЕКТС или завршен VII/1 степен, општа медицинска сестра, дипломирана медицинска сестра/медицински техничар, медицинска сестра/техничар, виша медицинска сестра, со стекнати 180 кредити или завршен VI/1 степен, важечка лиценца за стручен соработник, без/со работно искуство во струката

(10) Вработените од ставот (5) на овој член треба да ги исполнуваат следниве посебни услови:

- за ниво Д1 - Факултет за физичко образование спорт и здравје - стручни студии за спортски тренери, Висока медицинска школа - општа медицинска сестра, Медицински факултет - медицински сестри/техничари, логопеди, физиотерапевти, акушерки, со стекнати 180 кредити по ЕКТС или завршен VI степен, важечка лиценца за неговател и најмалку пет години работно искуство во струката.

- за ниво Д2 - четиригодишно средно училиште: средно медицинско училиште, средно образование - насока гимназија, средно музичко училиште, средно ликовно училиште, средно фискултурно училиште, важечка лиценца за неговател и најмалку три години работно искуство во струката.

- за ниво Д3 - четиригодишно средно училиште: средно медицинско училиште, средно образование - насока гимназија, средно музичко училиште, средно ликовно училиште, средно фискултурно училиште, важечка лиценца за неговател и најмалку една година работно искуство во струката.

- за ниво Д4 - четиригодишно средно училиште: средно медицинско училиште, средно образование - насока гимназија, средно музичко училиште, средно ликовно училиште, средно фискултурно училиште, важечка лиценца за неговател без/со работно искуство.

(11) За прашањата кои се однесуваат на класификацијата, евиденцијата, вработувањето, унапредувањето, стручното усовршување и оспособување, мерењето на ефектот и други прашања во врска со работниот однос на давателите на јавни услуги во областа заштита на децата во јавните установи за деца, се применуваат одредбите од овој закон.“.

Член 28

(1) Вработените во јавните установи за деца, кои вршат помошно-технички работи, имаат статус на помошно-технички лица од Групата IV и за нив се утврдуваат следниве подгрупи, категории и нивоа: - подгрупа 1 категорија А хаус - мајстор, градинар, ложач на парен котел, домаќинеконом и други помошно-технички лица за одржување на објектите и на опремата,

- подгрупа 2 категорија А чувар и други помошно-технички лица за обезбедување на објектите и опремата,
- подгрупа 3 категорија А возач и други помошно-технички лица за превоз на лица, храна и на опрема,
- подгрупа 4 категорија А готвач и други помошно-технички лица во кујна или во хотелско - угостителски објекти и
- подгрупа 5 категорија А општ работник, хигиеничар, шивачка, перачка, пеглакач и други помошно-технички лица.

(2) За секоја категорија во подгрупите 1, 2, 3, 4 и 5 се утврдуваат 3 (три) нивоа:
- А01 помошно-технички лица од прво ниво, со најмалку ниво на квалификации IV, 240 кредити според Европски кредитен систем во стручното образование и обука (ЕЦВЕТ) или Македонски кредит систем за општо образование (МКСОО) или четиригодишно средно образование,
- А02 помошно-технички лица од второ ниво, со најмалку ниво на квалификации III, 180 кредити според Европски кредитен систем во стручното образование и обука (ЕЦВЕТ) или тригодишно средно образование и
- А03 помошно-технички лица од трето ниво со најмалку ниво на квалификации I или основно образование.

Член 29

(1) Директорот на јавната установа за деца, подготвива годишен план за вработување на давателите на јавни услуги, административните службеници и помошно-технички лица во јавната установа за деца за следната година, согласно со Законот за вработените во јавниот сектор.

(2) Лицата кои за прв пат се вработуваат во јавна установа за деца како даватели на јавни услуги имаат статус на приправници.

(3) Приправничкиот стаж трае една година.

(4) Приправникот се оспособува со помош на ментор, кој може да биде од редот на давателите на услуги кои вршат работа за која се оспособува приправникот и се со звање ментор согласно со овој закон, а доколку во установата нема лице во звање ментор приправникот може да се оспособува за работа од страна на раководител на објект и/или директорот на установата.

(5) За време на приправничкиот стаж давателите на јавни услуги се оспособуваат за самостојна стручна работа преку совладување на соодветна програма за стручен испит која ја подготвува менторот.

(6) Менторот и приправникот по завршувањето на менторството заедно подготвуваат изјава за завршено менторство, во која прават проценка на реализацијата на целите утврдени во програмата од ставот (5) на овој член. Изјавата за завршено менторство во рок од седум дена се доставува до лицето вработено во организационата единица за управување со човечки ресурси или лицето кое ги врши работите за управување со човечки ресурси ако нема организациона единица, кое врз основа на изјавата издава потврда за успешно реализирано менторство.

(7) Во случај ако приправникот не ги реализирал целите, согласно со програмата од ставот (5) на овој член, менторот во рок од седум дена доставува

изјава за нереализираните цели до лицето вработено во организационата единица за управување со човечки ресурси или лицето кое ги врши работите за управување со човечки ресурси ако нема организациона единица. Службен весник на РСМ, бр. 104 од 23.5.2019 година 18 од 37

(8) Приправникот кој успешно го реализирал менторството по истекот на приправничкиот стаж полага стручен испит пред комисија составена од три члена и нивни заменици од кои два од редот на даватели на јавни услуги кои се со најмалку ист степен на образование со приправникот и еден член од организационата единица за управување со човечки ресураси, а доколку нема организациона единица лицето кое ги врши работите за управување со човечки ресурси, формирана од директорот на јавната установа за деца.

(9) Доколку успешно го положи стручниот испит од ставот (10) на овој член, приправникот се распоредува на ниво на работно место согласно со огласот.

(10) На приправникот кој успешно не го положил стручниот испит му се дава можност во рок од 30 дена за повторно полагање и по поплагањето доколку не го положи успешно му престанува работниот однос.

Член 30

Во детската градинка не смее да се прекинува дејноста освен во вонредни состојби (природни непогоди,епидемии и друго) за што решава општината, а во согласност со Министерството.

Во случај на прекин на вршењето на дејноста во детската градинка се обезбедуваат минимум услови за работа кои се утврдуваат во упатството што го донесува министерот.

4. ОРГАНИЗАЦИОНА ПОСТАВЕНОСТ

Член 31

Детската градинка дејноста ја остварува во 10 објекти и тоа:

1. 1. Матичен објект "Другарче" на ул.„Христијан Карпош„ ББ,
2. Објект "Развигорче" на ул.Браќа Даневи Бр.6,
3. Објект "Пчелка" на ул.Цветан Димов Бр.2,
4. Објект "Росица" на ул.Крсте Мисирков ББ,
5. Објект „Звезда„ - просторија во други просторни услови во ООУ „Гоце Делчев„ кое се наоѓа во приградска населба Три Чешми,
6. Објект „ Астибо “ на ул. „ Д-р Слободан Јовановски “ бр. 5,
7. Објект „ Цветови“ на ул. „Булевар ЈНА “ бр7Б,
8. Објект „ Сончогледи “ на ул.„ Сремски фронт“ бб,
9. Објект „ Бамби “ на ул. „ Антон Панов “ бр.2А,
10. Објект „Виножито„ на ул.„Анте Банина„ бр.1.

Член 32

Почетокот и завршетокот на работното време на детската градинка и распоредот на работното време на работниците во рамките на 40 часовната работна недела го утврдува советот на Општина Штип.

5. УПРАВУВАЊЕ И РАКОВОДЕЊЕ

УПРАВЕН ОДБОР

Член 33

Орган на управување во детската градинка е Управен одбор.

Член 34

Управниот одбор на детската градинка е составен од седум члена и тоа:

- тројца претставници од основачот – Општината,
- еден претставник од детската градинка,
- двајца претставници од родителите на децата и
- еден претставник од Министерството.

Претставниците на основачот – Општината на детската градинка ги именува и разрешува Советот на Општината.

Претставникот на установата го предлага Стручниот совет на детската градинка врз основа на стручност и компетентност, а го избира и разрешува Советот на Општината по претходен доставен писмен предлог од страна на Стручниот совет на детската градинка.

Претставниците на родителите ги предлага Советот на родители, а ги именува и разрешува Советот на Општината по претходно доставен писмен предлог од страна на Советот на родители.

Претставникот на министерството го предлага министерот, а го именува и разрешува Советот на Општината.

Претставниците од основачот – Општината од министерството и од родителите неможат да бидат именувани од редот на вработените во детската градинка.

Член 35

Членовите на Управниот одбор се именуваат за период од четири години.

Мандатот на членовите на Управниот одбор почнува да тече од денот на неговото конституирање.

Конститутивната седница на Управниот одбор ја свикува и до изборот на претседател претседава највозрасниот член на одборот.

На членовите на Управниот одбор може да им се исплати наддоместок за присуство на седниците доколку основачот обезбеди средства во висина која не надминува износ од 1000,00 денари по седница, но не повеќе од 10.000,00 денари на годишно ниво.

Член 36

Управниот одбор на детската градинка:

- донесува Статутот на детската градинка;
- ги предлага Годишната програма за работа и Извештајот за работа до Советот на Општината;
- предлага Финансиски план до Советот на Општината;
- предлага Годишна сметка до Советот на Општината;
- го усвојува развојниот план на установата донесен од страна на директорот;
- објавува јавен оглас за избор на директор на детската градинка;
- формира тричлена комисија која ги прегледува документите пристигнати од кандидатите за директор;
- врши интервју со кандидатите за директор;
- предлага на градоначалникот на Општината еден кандидат од пријавените кандидати на објавениот јавен оглас за избор на директор;
- донесува Правилник за внатрешна организација и систематизација на работните места во установата на кој согласност дава Советот на Општината;
- го усвојува развојниот план на установата изготвен од страна на директорот;
- одлучува по приговори и жалби на вработените;
- одлучува по жалби на корисниците на услугите;
- донесува правилник за плати и надоместоци;
- донесува одлука за утврдување на составот и начинот на работата на Комисијата за прием на деца;
- донесува правилник за начинот на стекнување и распоредување на средства по основ на вршење на услуги од повисок квалитет и продажба на сопствени производи;
- донесува правилници за заштита на лични податоци;
- донесува одлуки за утврдување на цените на услугите за квалитетот повисок од утврдениот со стандардите и нормативите;
- донесува Деловник за работа на Управниот одбор;
- формира постојани и повремени комисии за определени прашања поврзани со работењето на детската градинка;
- разгледува и одлучува и за други работи утврдени со Закон и Статут.

Член 37

Со Управниот одбор раководи претседател на Управниот одбор, а во случај на негова отсутност или спреченост го заменува неговиот заменик.

Претседателот на Управниот одбор, односно неговиот заменик се избираат по предлог на членовите на Управниот одбор, со јавно гласање и со мнозинство гласови од вкупниот број членови.

Гласањето за претседателот на Управниот одбор и за неговиот заменик се врши поединечно.

Претседателот на Управниот одбор ги закажува седниците на одборот и раководи со истите согласно утврдениот дневен ред.

Управниот одбор ги донесува одлуките со мнозинство гласови од вкупниот број на членови на одборот.

Во работата на Управниот одбор учествува и директорот без право на глас.

Член 38

Седниците на Управниот одбор ги свикува претседателот на Управниот одбор по сопствена иницијатива, по барање од најмалку четири члена на Управниот одбор или по иницијатива на директорот на детската градинка.

Член 39

Мандатот на членот на Управниот одбор може да му престане пред истекот на времето за кое е именуван ако биде разрешен од страна на Советот на Општината во следните случаи:

- нередовност или спреченост да учествува во работата на Управниот одбор;
- ако престанал основот за именување;
- ако работи спротивно на Законот, Статутот и другите акти на детската градинка;
- на лично барање на членот на Управен одбор.

Управниот одбор ќе поднесе иницијатива за разрешување на член на Управниот одбор по предлог на органот кој го именувал , пред истекот на времето за кое е именуван во следните случаи:

- нередовност или спреченост да учествува во работата на Управниот одбор;
- ако престанал основот за именување;
- ако работи спротивно на Законот, Статутот и другите акти на детската градинка;
- на лично барање на членот на Управен одбор.

Член 40

Одлука за отпочнување на постапката за именување на претставници во Управниот одбор на детската градинка, Управниот одбор ќе донесе најдоцна 30 дена пред истекот на времето за кое се именувани членовите на Управниот одбор.

Член 41

Работата на Управниот одбор по прецизно ќе се уреди со донесување на Деловник за работа на Управниот одбор.

5.1 ОРГАН НА РАКОВОДЕЊЕ

Член 42

Директорот е орган на раководење во детската градинка.

Директорот е законски застапник на детската градинка и ја застапува и претставува пред трети лица.

Член 43

За директор на детската градинка може да биде избрано , односно именувано лице кое покрај општите услови утврдени со Закон и условите:

- да е државјанин на Република Северна Македонија;
- да е физички и психички здрав;
- да го познава македонскиот јазик и кирилското писмо;
- да не му е изречена казна забрана за вршење професија, дејност или должност;
- да не му е изречена казна со правосилна судска пресуда со која е осудено за кривично дело за семејно насилство, одземање на малолетно лице негрижа или злоставување на малолетно лице или родоскврнавење, кривично дело од групата на дела против половата слобода, без оглед на изречената санкција и кај кое восогласност со закон е утврдено дискриминаторско однесување и
- да има завршено високо образование со стекнати 240 кредити според ЕКТС или завршен VII 1 степен за воспитувач, за стручен работник, за стручен соработник, лице со завршен филолишки факултет - наставна студиска програма и специјалистички студии за предучилишни педагози, правник и економист со високо образование (со стекнати 240 кредитти според ЕКТС или VII 1 степен) и минимум 5 (пет) години работно искуство по дипломирањето, поседува еден од меѓународно признати сертификати или уверение за активно познавање на англискиот јазик не постар од пет години ТОЕФЕЛ ИБТ - најмалку 74 бода, ИЕЛТС (IELTS) - најмалку 6 бода, ИЛЕЦ (ILEC) (Cambridge English: Legal) - најмалку А2 (A2) ниво, ФЦЕ (FCE) (Cambridge English: First) - положен, БУЛАТС (BULATS) - најмалку 60 бода или АПТИС (APTIS) - најмалку ниво Б2 (B2) или сертификат/уверение со кој се потврдува познавањето на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија, англиски, француски или германски и поседува важечка лиценца за директор за установа за деца.

Кандидатот за директор на детската градинка задолжително доставува и програма за работа на јавната установа.

Директорот се именува по спроведен јавен оглас за избор, односно именување објавен во три дневни весници кои се издаваат на целата територија на Република Северна Македонија од кои еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик.

Јавниот оглас се распишува најдоцна 30 дена пред истекот на мандатот на директорот на детската градинка.

Директорот на детската градинка го избира и разрешува Градоначалникот на Општината.

Директорот на детската градинка се избира, односно именува за време од четири години по спроведен јавен оглас за избор, односно именување објавен во три дневни весници кои се издаваат на целата територија на Република Северна Македонија од кои еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик.

Член 44

Градоначалникот, три месеци пред истекот на мандатот на постојниот директор, донесува одлука Управниот одбор да објави јавен оглас за избор на директор.

Во објавениот јавен оглас се утврдуваат условите кои треба да ги исполнува кандидатот за директор , потребната документација , времето на траењето на јавниот оглас и рокот во кој ке се изврши изборот.

Пријавените кандидати ги доставуваат потребните документи согласно со огласот до Управниот одбор.

Пристигнатите документи ги прегледува тричлена комисија избрана од Управниот одбор, од редот на неговите членови, со мнозинство гласови од вкупниот број членови на Управниот одбор.

Комисијата е должна во рок од 5 (пет) дена по завршувањето на огласот да ги разгледа пристигнатите документи.

На кандидатите кои не ги исполнуваат условите предвидени во огласот им се враќаат документите со образложение.

Управниот одбор може да побара дополнителни документи од кандидатите кои ги исполнуваат условите, согласно со одредбите на овој статут.

Управниот одбор врши интервју со кадидатите кои ги исполнуваат условите.

Управниот одбор во рок од 7 (седум) дена од извршениот разговор со кандидатите на градоначлникот му предлага еден кандидат за ибор на директор.

Градоначалникот во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на добивањето на предлогот врши избор на директор.

Доколку градоначалникот во рокот утврден во ставот 10 на овој член не избере директор е должен во рок од 3 (три) дена да го извести Управниот одбор.

Управниот одбор во рок од 7 (седум) дена од денот на приемот на известувањето на градоначлникот му предлага еден кандидат за избор на директор.

Градоначалникот е должен во рок од 5 (пет) дена од денот на добивањето на предлогот да го избере кандидатот предложен од Управниот одбор.

Кандидатите кои не се избрани, во рок од 8 (осум) дена од денот на приемот на одлуката на градоначалникот, имаат право на жалба во однос на спроведувањето на постапката на избор до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

Против одлуката на Комисијата од ставот 14 на овој член кандидатот има право да поведе управен спор.

Член 45

Директорот на детската градинка ја организира и раководи со работата на установата, самостојно донесува одлуки од делокругот на неговата надлежност

и актите на установата, ја застапува установата пред трети лица и е одговорен за законитоста и работата во установата.

Во остварувањето на обврските и раководењето од ставот 1 на овој член директорот:

- ја предлага годишната програма за работа на установата и превзема мерки за нејзино реализирање;
- ги извршува одлуките на Управниот одбор и правосилните судски одлуки;
- одлучува за засновање и престанок на работен однос на вработени за вршење на дејноста, согласно со закон, актите на установата и колективниот договор;
- врши распоредување на работници;
- поднесува извештај за работата на установата во текот на годината до Управниот одбор и до општината;
- поднесува извештај за реализација на годишната програма за работа на установата до управниот одбор , општината и министерството;
- поднесува извештај за реализација на материјално - финансиското работење на установата до Управниот одбор и до општината и е одговорен за материјално - финасиското работење;
- поднесува извештај за реализација на програмите до Управниот одбор, општината и министерството;
- го донесува развојниот план на установата;
- формира постојани и повремени комисии за одредени прашања;
- именува членови во Комисијата за прием на деца;
- склучува договори во согласност со Законот;
- донесува решенија, изготвува планови и други акти согласно Законот за вработените во јавниот сектор и Законот за администранивните службеници;
- одобрува отсуства на работниците, донесува решенија согласно со Закон, Статут, општите акти и Колективен договор;
- претседава и раководи со Стручниот совет;
- врши и други работи предвидени со закон, статут и други акти на установата.

Член 46

Директорот на детската градинка може да биде разрешен:

1. на лично барање;
2. ако не го спроведува законот и општите акти донесени согласно со закон;
3. ако ако не ја остварува годишната програма за работа на установата;
4. ако по негова вина е нанесена штета на децата, на нивните родители или старатели, на установата, на општината или на државата;
5. ако дозволи исплаќање на средства кои не се утврдени во годишниот финансиски план на установата;
6. ако дозволи организирање на дејноста спротивно на закон, општите акти донесени согласно со закон и годишната програма за работа;
7. во други случаи утврдени со закон.

Член 47

Доколку постојат одредени сознанија за постапување на директорот согласно со одредбите од членот 42 алинеи 2, 3, 4, 5 и 6 Управниот одбор на установата свикува седница на која се донесува заклучок во писмена форма кој се доставува до директорот.

Директорот има право во рок од 7 (седум) дена од приемот да се изјасни за наводите во заклучокот.

Доколку Управниот одбор на установата од ставот 1 на овој член не го прифати изјаснувањето на директорот, свикува седница во рок од 3 (три) дена и во присуство на претставник на научна или специјализирана стручна установа, односно стручен или друг орган кој го определува министерство зависност од видот на постапувањата од членот 42 алинеи 2, 3, 4, 5 и 6 од овој статут врши ислушување на директорот. Претставникот дава мислење за оправданоста за разрешување на директорот.

Доколку Управниот одбор оцени дека е неопходно, во рок од 7 (седум) дена доставува предлог за разрешување на директорот до градоначалникот.

Градоначалникот е должен во рок од 5 (пет) дена од денот на добивањето на предлогот да го разреши директорот.

Разрешениот директор, во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на одлуката на градоначалникот, има право на жалба во однос на спроведувањето на постапката до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен и инспекциски надзор.

Против одлуката на Комисијата од ставот 6 на овој член, разрешениот директор има право на тужба до надлежниот основен суд.

Член 48

Градоначалникот, во рок од три дена од денот на разрешувањето на директорот, именува вршител на должноста директор од редот на вработените на установата кој ги исполнува условите за директор и кој ги врши работите на директор до именување на нов директор, најмногу до шест месеци од денот на неговото именување.

Член 49

Доколку директорот е разрешен по основ на постапувањата наведени во членот 42 алинеи 2, 3, 4, 5, 6 и 7 од овој Статут, на директорот му престанува работниот однос.

Член 50

Директорот кој не е повторно именуван за директор на детската градинка или е разрешен има права и обврски од работен однос согласно закон.

6.СТРУЧНИ ОРГАНИ

6.1 Стручен совет

Член 51

Стручниот совет го сочинуваат директорот, стручните работници, стручните соработници и други вработени со посебни овалстувања кои вршат стручна работа и ја остваруваат дејноста на установата.

Член 52

Со Стручниот совет раководи директорот на детската градинка.

Стручниот совет ги врши следните работи:

- утврдува стручни основи за остварување на програмата за работа;
- дава мислење и предлози до директорот во поглед на организацијата за работа и условите за работа;
- ги разгледува програмите и плановите за работа и превзема мерки за нивно извршување;
- предлага член од редот на вработените кои вршат стручни работи во Управниот одбор на установата и го доставува до Советот на Општина Штип кој го избира новиот претставник, а го разрешува дотогашниот преставник во Управниот одбор на јавната установа за деца;
- ги утврдува потребите на објектите од игровен, дидактички и друг материјал за работа со деца, како и потребите од основни средства и потрошен материјал за нормално реализирање на дејноста и
- врши и други работи утврдени со Статутот.

Стручниот совет одлуките ги донесува со мнозинство од вкупниот број на членови на советот.

Во јавната установа за деца може да се формираат и други стручни тела утврдени со Статутот на установата.

6.2 Совет на воспитувачи

Член 53

Советот на воспитувачи го сочинуваат воспитувачите на детската градинка.

Со советот на воспитувачи раководи и го свикува директорот на детската градинка или по потреба и раководителот на објектот.

Советот на воспитувачи ги врши следните работи;

- го усогласува работењето на воспитувачите во детската градинка;
- разгледува содржини за работа согласно програмите;
- ја реализира програмата за стручно усовршување;
- учествува во подготовките и реализација на програмите за работа и другите форми за работа со деца;
- соработува со Советот на родители и Советот на негователи;
- врши и други работи кои произлегуваат од реализирањето на програмите, плановите и други форми на остварување на дејноста.

6.3 Совет на негователи

Член 54

Советот на негователи го сочинуваат негователите во детската градинка.

Со советот на негователи раководи и го свикува директорот на детската градинка или по потреба и раководителот на објектот.

Советот на негователи;

- го усогласува работењето на негователите во детската градинка;
- ја реализира програмата за стручно усовршување на негователите во детската градинка;
- разгледува содржини за работа согласно програмите и
- соработува со Советот на родители и Советот на воспитувачи.

Член 55

Во детската градинка воспитувачите и негователите можат да се организираат во активи на ниво на објекти за извршување на определени задачи, консултации, планирања и други работи кои произлегуваат од работењето.

7. СОВЕТ НА РОДИТЕЛИ

Член 56

Во детската градинка се формира Совет на родители кои го сочинуваат претставници на родителите чии деца престојуваат во детската градинка.

Советот на родителите брои претставници на родителите од секој објект на детската градинка.

Претставниците во Советот на родители се избираат од родителите на родителски средби.

Кога членот на Советот на родители ќе престане да биде родител на дете кое е запишано во детската градинка, се избира друг родител од истиот објект како претставник на Советот.

Член 57

Советот на родители од своите членови предлага претставници во Управниот одбор со мнозинство гласови.

Предлогот за претставници на советот во Управниот одбор на установата се доставува до Советот на Општина Штип кој ги именува и разрешува преставниците.

Со Советот на родители раководи претседател кој го избираат членовите на Советот со јавно гласање од своите редови, со мнозинство гласови.

До изборот на претседател со Советот раководи највозрасниот член.

Член 58

Советот на родители ја следи, разгледува и дава мислење за остварувањето на дејноста на детската градинка.

Советот на родители особено се ангажира во давање помош за реализирање на зацртаните активности во програмите за работа со децата.

Советот на родители се ангажирани и во изнаоѓање средства од фондации, подароци и средства по основ на солидарност во пари и натура, со цел за подобрување на условите за престој и работа на децата.

Член 59

Советот на родители за реализација на средствата од член 58 став 3 на овој Статут, кои се строго наменски, во секое време може да побара извештај од директорот на детската градинка или од Управниот одбор.

8. ОРГАН ЗА ВРШЕЊЕ НА ВНАТРЕШНА КОНТРОЛА

ОРГАН ЗА НАДЗОР

Член 60

За вршење внатрешна контрола на работењето на градинката основачот-Општината формира орган за надзор.

Органот за надзор го сочинуваат 3 (три) члена именувани од основачот-Општината.

Членовите на органот за надзор се избираат со мандат во траење од 4 години.

За членови на органот за надзор можат да бидат именувани лица кои немаат засновано работен однос во градинката,имаат високо образование и поседуваат знаење и искуство од дејноста на градинката.

Органот за надзор го свикува и со неговата работа раководи председател кој го избираат членовите на органот за надзор од своите редови.

Органот за надзор своите одлуки ги донесува со мнозинство гласови од вкупниот број на членови.

Член 61

Органот за надзор врши контрола на материјално - финансиското работење на градинката, користењето и располагањето со средствата на градинката и за наодите доставува извештај до Општината, Министерството, Управниот одбор и директорот на градинката.

Член 62

Мандатот на членовите на органот за надзор може да им престане и пред истекот на времето за кое се именувани поради:

- нередовност или спреченост да се учествува во работата, без да се оправда отсуството;
- ако престанал основот за именување;
- ако работат спротивно на Закон, актите на градинката или Општината;
- по лично барање.

Иницијатива за разрешување на член може да поднесе градинката или Општината.

9. ЕВИДЕНЦИЈА И ДОКУМЕНТАЦИЈА

Член 63

Во детската градинка се води евиденција и документација.

Евиденција и документација се води и за правата за заштита на децата.

Начинот на водење на евиденцијата и документацијата како и содржината и формата на евиденцијата и документацијата ги пропишува Министерот.

Во детската градинка се води педагошка документација и педагошка евиденција за воспитно - образовните активности.

Педагошката документација, ја опфаќа главната книга на децата и претставува документ од трајна вредност.

Педагошката евиденција опфаќа: дневник за работа на градинката, дневник за работа на воспитната група, планирање и подготвување на воспитно-образовниот процес и досие на детето и истите се водат во хартиена и во електронска форма.

Педагошката документација и евиденција се води на македонски јазик со кирилско писмо.

10. ОПШТИ АКТИ НА ДЕТСКАТА ГРАДИНКА

Член 64

Статутот на детската градинка е основен акт.

Покрај Статутот детската градинка ги има и следните општи акти:

- Правилник за внатрешна организација на работните места во детската градинка;
- Правилник за систематизација на работните места во детската градинка;
- Колективен договор на ниво на детска градинка;
- Правилник за заштита од пожари;
- Правилник за безбедност и здравје при работа;
- Правилник за плати и надоместоци.

Детската градинка може по потреба да донесе и други општи акти.

Сите општи акти од ставот 2 на овој член треба да бидат во согласност со позитивните законски прописи и одредбите од овој Статут.

Член 65

Статутот и другите општи акти на детската градинка, освен колективниот договор ги донесува Управниот одбор со мнозинство гласови од вкупниот број на членови.

За изготвување на Статутот и другите општи акти Управниот одбор може да формира комисија.

Иницијатива за донесување, изменување и дополнување на Статутот и другите општи акти можат да поднесат: директорот, член на Управен одбор и синдикатот.

Согласност на Статутот дава Советот на Општина Штип.

Член 66

Постапката за измена и дополнување на Статутот е иста како и постапката за неговото донесување.

Член 67

Статутот и другите општи акти на детската градинка донесени од Управниот одбор се објавуваат на огласна табла и влегуваат во сила осмиот ден од денот на објавувањето.

11. ИНФОРМИРАЊЕ

Член 68

Работата на детската градинка и нејзините органи е јавна.

Управниот орган и органот на раководење се должни да обезбедат редовно, потполно и по содржина и форма достапно известување на вработените и родителите на децата.

Член 69

Органите на детската градинка се должни да известуваат за секое прашање кое се однесува на спроведувањето на дејноста, програмите, финансиското работење и други прашања од значење за работата на детската градинка, со објавување на поважните информации на огласните табли во објектите.

Информирањето може да се врши преку издавање на весник, билтен, интернет страна и др.

Член 70

Ден на детската градинка е 15 јули.

Овој ден се одбележува со организирање на разни културни, спортско-рекреативни и други манифестации со децата пред родители, органи и организации, соработници и други соработници.

Член 71

Детската градинка може да зема учество во активности (изложби, приредби и други манифестации) надвор од детската градинка со цел за поуспешно презентирање на дејноста во општината, Републиката и пошироко во светот.

Манифестации посветени на децата се: „Светски ден на детето“, „Детска недела“ и „Ден на детето“.

„Светски ден на детето“ е првиот понеделник во октомври.

„Детска недела“ се одржува секоја година во првата полна недела од октомври и трае седум дена.

„Ден на детето“ е последниот ден од „Детската недела“.

Член 72

Во детската градинка се употребуваат прирачници како воспитно-образовни материјали за реализација на активностите од страна на згрижувачко-воспитниот кадар, како и детски списанија кои се во функција на истите активности.

Решение за одобрување и употреба на прирачниците и детските списанија донесува министерот, по претходно мислење на Педагошката служба.

Детската градинка е должна најдоцна до месец октомври во тековната година на родителските средби, огласните табли или на веб страницата на детската градинка, на родителите да им ги претстави прирачниците и детските списанија кои се одобрени од страна на министерот.

Родителите имаат право за своите деца во детската градинка да изберат прирачници и списанија кои се во функција за реализација на воспитно – образовните активности.

12. ДЕЛОВНА ТАЈНА

Член 73

Заради заштита на интересите на детската градинка таа превзема мерки за чување, ракување, користење и соопштување на податоци кои се сметаат за деловна тајна.

За деловна тајна се сметаат исправите и документите кои настануваат во остварувањето на дејноста на детската градинка, а чие изнесување во јавноста или соопштување на неовластени лица заради нивната природа или значење би можеле да предизвикаат штета на детската градинка, родителите или на трети лица.

Член 74

Сите податоци и документи кои се пропишани како деловна тајна задолжително имаат ознака „доверливо“ или „строго доверливо“.

Обврската за чување на деловна тајна трае се додека директорот на детската градинка или органот кој ги доставил податоците не даде согласност за ослободување од чување на деловната тајна.

Обврската за чување на деловната тајна трае и по престанокот на работниот однос на работникот кој бил запознаен со содржината на доверливите документи.

13. ОДБРАНА

Член 75

Во воена состојба детската градинка продолжува со остварување на дејноста, заради што во рамките на своето редовно работење во мир, согласно

Законот за одбрана и другите прописи, спроведува соодветни подготовки и изработува документи за работа во воена состојба.

Со спроведувањето на подготовките и изработката на документите за работа во воена состојба раководи директорот на детската градинка.

Член 76

Заради заштита на тајните податоци и информации од областа на одбраната детската градинка спроведува мерки за заштита на тајноста на податоците од значење за одбраната.

14. СРЕДСТВА ЗА РАБОТА НА ГРАДИНКАТА

Член 77

Градинката обезбедува средства за работа од Буџетот на Република Северна Македонија, буџетот на општината, непосредно од корисниците на јавните услуги на градинката, со продажба на сопствени производи и услуги, како донации во вид на легати, подароци, завештанија и од други извори на начин и под услови утврдени со закон и актот на основање.

Средствата стекнати од легати, подароци, завештанија и прилози се користат исклучиво наменски за целите за кои се донирани.

Член 78

Цените на услугите и другите видови на надоместоци за услугите се утврдуваат врз основа на критериуми, нормативи и стандарди на начин и во постапка утврдени со закон.

Цените и другите надоместоци од став 1 на овој член можат да се определат диференцирано врз основа на категории на корисници на јавни услуги во согласност со закон.

Член 79

Цените на услугите што ги дава детската градинка основана од општината и износот на надоместокот на трошоци за престој во јавната установа на деца паѓа на товар на родителите чии деца ги користат нивните услуги, ги утврдува Советот на основачот на предлог на Управниот одбор на јавната установа за деца.

Основа за уплата на родителите е цената на програмата во која е вклучено детето.

Член 80

Градинката одговара за своите обврски со средствата со кои располага.

15. ИМОТ НА ГРАДИНКАТА

Член 81

Имотот на градинката го сочинуваат недвижниот имот и другите средства, освен средства стекнати од легат, наменски прилози, подароци и завештанија.

Градинката самостојно управува со имотот и ги користи предметите финансиските средства и другите материјали потребни за вршење на дејноста, под услови и на начин определено со закон.

Член 82

Кога градинката ќе престане со работа имотот, средствата и приходите што остануваат по исполнувањето на обврските, а кои градинката ги стекнала со донација му припаѓаат на донаторот под услови утврдени со закон, статутот на градинката и актот за донација.

16. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 83

Општите акти на детската градинка ќе се усогласат со одредбите на овој Статут во рок од 60 дена од денот на неговото влегување во сила.

До донесувањето на општите акти, во случај кога одредбите на општите акти се спротивни на овој Статут, непосредно ќе се применуваат важечките законски прописи.

Член 84

Со денот на донесувањето на овој статут престанува да важи статутот на Јавна установа за деца- детска градинка "Вера Циривири-Трена"Штип,бр.0101-242/1 од 13.06.2019 година.

Член 85

Овој статут влегува во сила наредниот ден од денот по добивањето на согласност од Советот на Општина Штип,односно по објавувањето во"Службен гласник на Општина Штип" и објавувањето на огласните табли во објектите на детската градинка .

Број 0101-146/1
21.09.2026 година

Претседател на
Управен одбор

Ш т и п

Марјан Манов, с.р.

675.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ПРАВИЛНИК ЗА СИСТЕМАТИЗАЦИЈА НА РАБОТНИТЕ МЕСТА НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ЈУДОДГ "ВЕРА ЦИРИВИРИ ТРЕНА" – ШТИП

I

Се објавува Одлука за давање согласност на правилник за систематизација на работните места на вработените во ЈУДОДГ "Вера Циривири Трена" – Штип.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09- 6582/2
30 септември 2026 година

Општина Штип
Градоначалник

Ш т и п

Иван Јорданов, с.р.

676.

Врз основа на член 116 став 1 алинеа 8 од Законот за заштита на децата („Службен весник на РМ“ број 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и Службен весник на РСМ број 104/19 146/19,275/19, 311/20, 294/21, 150/22, 236/22, 1/25 и 132/25) и член 21 став 1 точка 35 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 05/20), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 29 септември 2026 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ПРАВИЛНИК
ЗА СИСТЕМАТИЗАЦИЈА НА РАБОТНИТЕ МЕСТА НА ВРАБОТЕНИТЕ
ВО ЈУДОДГ "ВЕРА ЦИРИВИРИ ТРЕНА" – ШТИП

Член 1

Се дава согласност на правилникот за за систематизација на работните места на вработените во ЈУДОДГ "Вера Циривири Трена" – Штип.

Член 2

Составен дел на оваа Одлука е правилникот за за систематизација на работните места на вработените во ЈУДОДГ "Вера Циривири Трена" – Штип број 0101 – 148/1 од 21.09.2026 година, усвоен со Одлука на Управниот одбор на ЈУДОДГ ,"Вера Циривири Трена" – Штип број 02 -149/5 од 21.09.2026 година.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08 – 6582 /1
29 септември 2026 година

Совет на Општина Штип
Претседател

Ш т и п

Весна Кожинкова, с.р.

677.

Врз основа на член 17 став (7) од Законот за вработените во јавниот сектор(„Службен весник на РМ“ бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/18, 198/18 и „Службен весник на РСМ“ бр.143/19 и 14/20),Член 116 од Закон за заштита на децата („Службен весник на РМ“ бр.23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и „Службен весник на РСМ“ бр.104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21, 150/22, 236/22, 17/25, 132/25),и член36став 1 алинеа 10 од Статутот на Јавната установа за деца- општинска детска градинка „Вера Циривири Трена“ – Штип,Управниот одбор на Јавната установа за деца- општинска детска градинка „Вера Циривири Трена“ – Штип, на ден 21.09.2026 година, донесе:

П Р А В И Л Н И К
за систематизација на работните места во
ЈУДОДГ „Вера Циривири Трена “ – Штип

ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овојправилник се утврдува бројот на вработените (административни службеници, даватели најавни услуги, помошно – технички лица) распоредот, шифрата, називот и описот на работните места по организациони единици – објект и служби општитеи посебните услови потребни за извршување на работите и на задачите на одделните работни места во ЈУДОДГ „Вера Циривири Трена“- Штип.

Член 2

Работите и задачите што се вршат во ЈУДОДГ „Вера Циривири Трена“- Штип сеопределуваат, согласно нивната сродност, меѓусебна поврзаност, видот, обемот и степенот на сложеноста, одговорноста и другите услови за нивното извршување.

Член 3

Работите и задачите утврдени со овој правилник претставуваат основа за вработување и распоредување на вработените во ЈУДОДГ „Вера Циривири Трена“- Штип.

Член 4

Во ЈУДОДГ „Вера Циривири Трена“- Штип систематизирани се вкупно 168работни места на кои се распоредени вкупно 280извршители (административни службеници, даватели на услуги, помошно – технички лица).

Член 5

Табеларниот преглед (работна карта) на работните места во ЈУДОДГ „Вера Циривири Трена“- Штип е прилогна овој правилник.

I. АДМИНИСТРАТИВНА СЛУЖБА И ПОМОШНО ТЕХНИЧКИ ПЕРСОНАЛ

1. Административно помошно техничка служба

I.1.1. Административен оддел

Член 6

Во администтративниот оддел се утврдени и опишани вкупно 5работни места, кои ги извршуваат 10административни службеници распоредени во административниот оддел и управување со човечки ресурси, согласно Правилникот за начелата на внатрешна организација на ЈУДОДГ „Вера Циривири Трена“- Штип.

Работните места од членот 6 на овој правилник се согласно Законот за административни службеници и се распоредени на следниот начин:

- Ниво В1 - 5
- Ниво В2 - 3
- Ниво Г2- 2

Општи услови

Член 7

За пополнување на работните места во јавните установи за деца административните службеници треба да исполнуваат општи и посебни услови.
Општите услови утврдени со Законот за административните службеници се:
-да е државјанин на Република Македонија,
-активно да го користи македонскиот јазик,
-да е полнолетен,
-да има општа здравствена способност за работното место и
-со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана -на вршење професија, дејност или должност.

Посебни услови

Член 8

(1) Посебни услови утврдени со закон за стручните административни службеници од категоријата В се:

- стручни квалификации, и тоа:
- за нивото В1 ниво на квалификациите VI А според Македонската рамка на квалификации и стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен и
- за нивоата В2, В3 ниво на квалификациите VI Б според Македонската рамка на квалификации и стекнати најмалку 180 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен;
- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење,
- работно искуство, и тоа:
- за нивото В1 најмалку три години работно искуство во струката,
- за нивото В2 најмалку две години работно искуство во струката,
- за нивото В3 со или без работно искуство во струката

познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски), и тоа поседување на меѓународно признат сертификат издаден од официјален европски тестатор, член на здружението ALTE на европски тестатори на А2 (А2) нивото на ЦЕФР (CEFR), односно КЕТ, ИЕЛТС со максимум 3 поени, БУЛАТС, или Аптис, или ТОЕФЕЛ ПБТ најмалку 400 бода, ТОЕФЕЛ ЦБТ најмалку 95 бода, или ТОЕФЕЛ ИБТ најмалку 30 бода, или ДЕЛФ, ТЦФ, ТЕФ, или Гете сертификат.

Член 9

(1) Посебни услови утврдени со законот за помошно - стручни административни службеници од категоријата Г се:

- ниво на стручни квалификации V A или ниво на квалификации IV според Македонската рамка на квалификации и стекнати 180 или 240 кредити според ЕЦВЕТ или МКСОО или најмалку вишо или средно образование.
- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење,
- работно искуство, и тоа:
  - за нивото Г1 најмалку две години работно искуство во струката,
  - за нивото Г2 со или без работно искуство во струката

познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски), и тоа поседување на меѓународно признат сертификат издаден од официјален европски тестатор, член на здружението ALTE на европски тестатори на А1 (А1) нивото на ЦЕФР (CEFR), односно БУЛАТС или Аптис; или ТОЕФЕЛ ПБТ најмалку 310 бода, ТОЕФЕЛ ЦБТ најмалку 35 бода или ТОЕФЕЛ ИБТ најмалку 10 бода, или ДЕЛФ, ТЦФ, ТЕФ, или Гете сертификат.

(2) Потреби општи работни комепетенции на основно ниво:

- учење и развој;
  комуникација;
- остварување резултати;
- работење со други/тимска работа;
- ориентираност кон странките/засегнати страни и
- финансиско управување.

I.1.2.Помошно-технички оддел

Член 10

Во овој правилник се утврдени и опишани вкупно 12 работни места за 68извршители помошно - техничките лица, распоредени по организациони единици согласно Правилникот за внатрешна организација на ЈУДОДГ „Вера Циривири Трена“- Штип.

Работните места од членот 10 на овој правилник се распоредени на следниот начин:

Подгрупа 1 категорија А (помошно технички лица за одржување на објекти и опрема)

- Ниво А03 – 1

Подгрупа 4 категорија А (помошно технички лица во кујна)

Ниво А03- 1

Подрупа 5 категорија А (други помошно – технички лица)

- Ниво А03 - 5

Општи услови

Член 11

За пополнување на работните места во јавните установи за деца помошно-техничките лица треба да исполнуваат општи и посебни услови.

Општи услови утврдени со Законот за заштита на децата за помошно – техничките лица се:

- Да е државјанин на Република Македонија;
- Да е физички и психички здрав;
- Да го познава македонскиот јазик и кирилското писмо;
- Да не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење професија,дејност или должност;
- Да не му е изречена казна со правосилна судска пресуда со која е осудено за кривично дело за семејно насилство, одземање на малолетно лице, негрижа или злоставување на малолетно лице или родоскврнавење, за кривичнодело од групата на дела против половата слобода, без оглед на изречената санкција и кај кое во согласност со закон е утврдено дискриминаторско однесување и;
- Да исполнува и други услови утврдени во актот за внатрешна систематизација на работните места.

Посебни услови

Член 12

Вработените во јавните установи за деца, кои вршат помошнотехнички работи, имаат статус на помошно-технички лица од Групата IV и за нив се утврдуваат следниве подгрупи, категории и нивоа:

- подгрупа 1 категорија А хаус - мајстор, градинар, ложач на парен котел, домакин-економ и други помошно - технички лица за одржување на објектите и на опремата,

- подгрупа 2 категорија А чувар и други помошно технички лица за обезбедување на објектите и опремата,

- подгрупа 3 категорија А возач и други помошно технички лица за превоз на лица, храна и на опрема,

- подгрупа 4 категорија А готвач и други помошно-технички лица во кујна или во хотелско - угостителски објекти и

- подгрупа 5 категорија А општ работник, хигиеничар, шивачка, перачка, пеглакач и други помошно-технички лица.

За секоја категорија во подгрупите 1, 2, 3, 4 и 5 се утврдуваат 3 (три) нивоа:

- А01 помошно-технички лица од прво ниво, со најмалку ниво на квалификации IV, 240 кредити според Европски кредитен систем во стручното образование и обука (ЕЦВЕТ) или Македонски кредит систем за општо образование (МКСОО) или четиригодишно средно образование,

- А02 помошно-технички лица од второ ниво, со најмалку ниво на квалификации III, 180 кредити според Европски кредитен систем во стручното образование и обука (ЕЦВЕТ) или тригодишно средно образование и

- А03 помошно-технички лица од трето ниво со најмалку ниво на квалификации I или основно образование.

II. ДАВАТЕЛИ НА УСЛУГИ

1.Стручна служба

Член 13

Со овој правилник се утврдени и опишани вкупно 7работни места во стручната служба со вкупно 7извршители, распоредени во оддел на стручни работници и оддел на стручни соработници.

II.1.1. Оддел на стручни работници

Член 14

Работните места на стручните работници се распоредени во категорија Б. Во рамките на категоријата Б се утврдуваат следните нивоа:

- ниво Б3 стручен работник - 4

II.1.2. Оддел на стручни соработници

Член 15

Работните места на стручните работници се распоредени во категорија Г.
Во рамките на категоријата Г се утврдуваат следните нивоа:
- ниво Г3 стручни соработници -3

2. ВОСПИТНО-ЗГРИЖУВАЧКА СЛУЖБА

Член 16

Со овој правилник се утврдени и опишани вкупно 6работни места во воспитно-згрижувачката служба со вкупно 143 извршители, распоредени во оддел на воспитувачи и оддел на негователи.

II.2.1 Оддел на воспитувачи

Член 17

Работните места на воспитувачите се распоредени во категорија В.
Во рамките на категоријата В се утврдуваат следните нивоа:
- ниво В2 ментор - 1 извршител
- ниво В3 воспитувач – 73 извршители
- ниво В4 приправник- 15 извршители

II.2.2 Оддел на негователи

Член 18

Работните места на негователи се распоредени во категорија Д.
Во рамките на категоријата Д се утврдуваат следните нивоа:
- ниво Д2 ментор - 1 извршител,
- ниво Д3 негователи / помошно стручен работник –84 извршители,
- ниво Д4 приправник–20 извршители

Општи услови

Член 19

За пополнување на работните места во јавните установи за деца даватели на услуги треба да исполнуваат општи и посебни услови

Општи услови утврдени со Законот за заштита на децата за давателите на услуги се:

- Да е државјанин на Република Македонија;
- Да е физички и психички здрав;
- Да го познава македонскиот јазик и кирилското писмо;
- Да не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење професија, дејност или должност;
- Да не му е изречена казна со правосилна судска пресуда со која е осудено за кривично дело за семејно насилство, одземање на малолтно лице, негрижа или

злоставување на малолетно лице или родоскврнавење, за кривичнодело од групата на дела против половата слобода, без оглед на изречената санкција и кај кое во согласност со закон е утврдено дискриминаторско однесување и

- Да исполнува и други услови утврдени во актот за внатрешна систематизација на работните места.

Посебни услови

Член 20

Посебни услови утврдени со Законот за заштита на децата за давателите на услуги се:

- за ниво А1 со соодветно високо образование за вработени од редот на стручните работници од ниво Б1, Б2 и Б3, односно од редот на воспитувачи од ниво В1, В2, В3, најмалку пет години работно искуство во установата, со соодветна лиценца за работа за стручен работник односно за воспитувач.
- за ниво Б1 - дипломиран педагог, дипломиран психолог, дипломиран социјален работник, дипломиран дефектолог/специјален едукатор и рехабилитатор, дипломиран логопед, доктор на медицина, доктор на стоматологија , со стекнати 240 кредити по ЕКТС или завршен VII1 степен, важечка лиценца за стручен работник, со најмалку пет години работно искуство по дипломирањето во струката.
- за ниво Б2 - дипломиран педагог, дипломиран психолог, дипломиран социјален работник, дипломиран дефектолог/специјален едукатор и рехабилитатор, дипломиран логопед, доктор на медицина, доктор на стоматологија, со стекнати 240 кредити по ЕКТС или завршен VII1 степен, важечка лиценца за стручен работник, со најмалку три години работно искуство по дипломирањето.
- за ниво Б3 - дипломиран педагог, дипломиран психолог, дипломиран социјален работник, дипломиран дефектолог/специјален едукатор и рехабилитатор, дипломиран логопед, доктор на медицина, доктор на стоматологија, со стекнати 240 кредити по ЕКТС или завршен VII1 степен, важечка лиценца за стручен работник со најмалку една година работно искуство во струката.
- за ниво Б4 - дипломиран педагог, дипломиран психолог, дипломиран социјален работник, дипломиран дефектолог/специјален едукатор и рехабилитатор, дипломиран логопед, доктор на медицина, доктор на стоматологија, со стекнати 240 кредити по ЕКТС или завршен VII1 степен, важечка лиценца за стручен работник, без/со работно искуство.
- за ниво В1 -воспитувач на деца над две години возраст до шест години возраст, односно до поаѓање во основно училиште (дипломиран професор по предучилишно воспитание, дипломиран воспитувач на деца од предучилишна возраст, дипломиран педагог за предучилишно воспитание и дипломиран педагог), со стекнати 240 кредити според ЕКТС или завршено високо образование VII/1 степен и воспитувач за престој на деца на возраст од шест години, односно од поаѓање во основно училиште до десет години возраст (дипломиран професор по предучилишно воспитание, дипломиран воспитувач на деца од предучилишна возраст, дипломиран педагог за предучилишно воспитание и дипломиран педагог), со стекнати 240 кредити според ЕКТС или завршено високо образование VII/1 степен или лице со завршени студии за одделенска настава VII/1 степен и да се со важечка лиценца за воспитувач и најмалку пет години работно искуство по дипломирањето во струката.
- за ниво В2 - воспитувач на деца над две години возраст до шест години возраст, односно до поаѓање во основно училиште (дипломиран професор по предучилишно воспитание, дипломиран воспитувач на деца од предучилишна возраст, дипломиран педагог за предучилишно воспитание и дипломиран педагог), со стекнати 240 кредити според ЕКТС или завршено високо образование VII/1 степен и воспитувач за престој на деца на возраст од шест години, односно од поаѓање во основно училиште до десет години возраст (дипломиран професор по предучилишно воспитание, дипломиран воспитувач на деца од предучилишна возраст, дипломиран педагог за предучилишно воспитание и дипломиран педагог), со стекнати 240 кредити според ЕКТС или

завршено високо образование VII/1 степен или лице со завршени студии за одделенска настава VII/1 степен и да се со важечка лиценца за воспитувач и најмалку три години работно искуство во струката.
- за ниво В3 - воспитувач на деца над две години возраст до шест години возраст, односно до поаѓање во основно училиште (дипломиран професор по предучилишно воспитание, дипломиран воспитувач на деца од предучилишна возраст, дипломиран педагог за предучилишно воспитание и дипломиран педагог), со стекнати 240 кредити според ЕКТС или завршено високо образование VII/1 степен и воспитувач за престој на деца на возраст од шест години, односно од поаѓање во основно училиште до десет години возраст (дипломиран професор по предучилишно воспитание, дипломиран воспитувач на деца од предучилишна возраст, дипломиран педагог за предучилишно воспитание и дипломиран педагог), со стекнати 240 кредити според ЕКТС или завршено високо образование VII/1 степен или лице со завршени студии за одделенска настава VII/1 степен и да се со важечка лиценца за воспитувач и најмалку една година работно искуство во струката.
- за ниво В4 - воспитувач на деца над две години возраст до шест години возраст, односно до поаѓање во основно училиште (дипломиран професор по предучилишно воспитание, дипломиран воспитувач на деца од предучилишна возраст, дипломиран педагог за предучилишно воспитание и дипломиран педагог), со стекнати 240 кредити според ЕКТС или завршено високо образование VII/1 степен и воспитувач за престој на деца на возраст од шест години, односно од поаѓање во основно училиште до десет години возраст (дипломиран професор по предучилишно воспитание, дипломиран воспитувач на деца од предучилишна возраст, дипломиран педагог за предучилишно воспитание и дипломиран педагог), со стекнати 240 кредити според ЕКТС или завршено високо образование VII/1 степен или лице со завршени студии за одделенска настава VII/1 степен и да се со важечка лиценца за воспитувач, без/со работно искуство во струката.

- за ниво Г1- музички педагог, дипломиран ликовен педагог, дипломиран педагог по физичко воспитание, завршен факултет за музичка уметност, факултет за физичко образование, спорт и здравје, факултет за ликовни уметности, дипломиран професор по странски јазик и книжевност, со стекнати 240 кредити по ЕКТС или завршен VII1 степен,, важечка лиценца за стручен соработник, со најмалку пет години работно искуство по дипломирањето во струката.

- за ниво Г2 -музички педагог, дипломиран ликовен педагог, дипломиран педагог по физичко воспитание, завршен факултет за музичка уметност, факултет за физичко образование, спорт и здравје, факултет за ликовни уметности, дипломиран професор по странски јазик и книжевност, со стекнати 240 кредити по ЕКТС или завршен VII1 степен, општа медицинска сестра, дипломирана медицинска сестра/медицински техничар, медицинска сестра/техничар, виша медицинска сестра, со стекнати 180 кредити или завршен VI1 степен, важечка лиценца за стручен соработник, со најмалку три години работно искуство по дипломирањето во струката.

- за ниво Г3 - музички педагог, дипломиран ликовен педагог, дипломиран педагог по физичко воспитание, завршен факултет за музичка уметност, факултет за физичко образование, спорт и здравје, факултет за ликовни уметности, дипломиран професор по странски јазик и книжевност, со стекнати 240 кредити по ЕКТС или завршен VII1 степен, општа медицинска сестра, дипломирана медицинска сестра/медицински техничар, медицинска сестра/техничар, виша медицинска сестра, со стекнати 180 кредити или завршен VI1 степен, важечка лиценца за стручен соработник, со најмалку една година работно искуство по дипломирањето во струката.

- за ниво Г4 - музички педагог, дипломиран ликовен педагог, дипломиран педагог по физичко воспитание, завршен факултет за музичка уметност, факултет за физичко образование, спорт и здравје, факултет за ликовни уметности, дипломиран професор по странски јазик и книжевност, со стекнати 240 кредити по ЕКТС или завршен VII1 степен, општа медицинска сестра, дипломирана медицинска сестра/медицински техничар, медицинска сестра/техничар, виша медицинска сестра, со стекнати 180 кредити или завршен VI1 степен, важечка лиценца за стручен соработник, без/со работно искуство во струката .

- за ниво Д1 –Факултет за физичко образование спорт и здравје-стручни студии за спортски тренери, Висока медицинска школа - општа медицинска сестра, Медицински факултет - медицински сестри/ техничари, логопеди, физиотерапевти, акушерки, со стекнати 180 кредити по ЕКТС или завршен VI степен, важечка лиценца за неговател и најмалку пет години работно искуство во струката.

- за ниво Д2 – четиригодишно средно училиште: средно медицинско училиште, средно образование - насока гимназија, средно музичко училиште, средно ликовно училиште, средно фискултурно училиште, важечка лиценца за неговател и најмалку три години работно искуство во струката.

- за ниво Д3 – четиригодишно средно училиште: средно медицинско училиште, средно образование - насока гимназија, средно музичко училиште, средно ликовно училиште, средно фискултурно училиште, важечка лиценца за неговател и најмалку една година работно искуство во струката.

- за ниво Д4 - четиригодишно средно училиште: средно медицинско училиште, средно образование - насока гимназија, средно музичко училиште, средно ликовно училиште, средно фискултурно училиште, важечка лиценца за неговател без/со работно искуство.

- за вработените со завршено средно четиригодишно образование - даватели на јавни услуги, кои на денот на влегување во сила на Законот за измена и дополнување на Законот за заштита на децата (Службен весник на РепубликаСеверна Македонија бр.104/2019 година) работеле на работни места како негователи и ги исполнувале условите за соодветното работно место согласно Законот за заштита на децата (Слушбен весник на Република Македонија бр.23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, и 198/18) можат и понатаму да ја вршат работата на работното место на кое се затечени со влегување во сила на Законот за измена и дополнување на Законот за заштита на децата (Службен весник на Република Северна Македонија бр.104/2019). Истите ќе можат да ја обновуваат/продолжуваат стекнатата соодветната лиценца за работа.

III. ОРГАНИЗАЦИОНА ЕДИНИЦА – ОБЈЕКТ„Дргарче“

Член 21

Раководителот на објект се назначува во објект каде има над две групи и проектиран капацитет на установа над 100 деца.

Работното место раководителот на објект е распореден во категорија А.

III.1.Раководител на објект

-категорија А - 1

III.1.1 Воспитно згриживачка служба

III.1.1.1 оддел на воспитувачи

- ниво В2 ментор -1
- ниво В3 воспитувач–10
- ниво В4 воспитувач приправник -15

III.1.1.2 оддел на негователи

- ниво Д2 ментор- 1
- ниво Д3 негователи - 12

- ниво Д4 негователи приправник - 20

III.1.2 Помошно технички оддел

-Ниво А03 помошник готвач – 1 извршител
- Ниво А04 садомијач/серверка – 1 извршител
- Ниво А01 магационер- 1 извршител
- Ниво А01 – набавувач -1 извршител
- Ниво А01- ракувач н апарни котли- 1 извршител
- Ниво А01 Возач- 1 извршител
- Ниво А01хаус мајстор – 1 извршител
- Ниво А01градинар – 1 извршител
- Ниво А01 хигиеничар – 10 извршители

IV. ОРГАНИЗАЦИОНА ЕДИНИЦА – ОБЈЕКТ„Развигорче“

Член 22

Раководителот на објект се назначува во објект каде има над две групи и проектиран капацитет на установа над 100 деца.

Работното место раководителот на објект е распореден во категорија А.

IV.1.Раководител на објект

-категорија А - 1

IV.1.1 Воспитно згриживачка служба

III.1.1.1 оддел на воспитувачи

- ниво В3 воспитувач - 10

III.1.1.2 оддел на негователи

- ниво Д3 негователи - 15

IV.1.2 Помошно технички оддел

- Ниво А01 главен готвач – 1 извршител
- Ниво А02 готвач – 2 извршители
- Ниво А03 помошник готвач – 3 извршители
- Ниво А04 садомијач/серверка – 2 извршители
- Ниво А01хаус мајстор – 1 извршител
- Ниво А01градинар – 1 извршител
- Ниво А01 хигиеничар – 8 извршители
- Ниво А01 перачка- пеглачка – 1 извршител

V. ОРГАНИЗАЦИОНА ЕДИНИЦА – ОБЈЕКТ„Астибо “

Член 23

Раководителот на објект се назначува во објект каде има над две групи и проектиран капацитет на установа над 100 деца.

Работното место раководителот на објект е распореден во категорија А.

V.1.Раководител на објект

-категорија А - 1

V.1.1 Воспитно згрижувачка служба
III.1.1.1 оддел на воспитувачи
- ниво В3 воспитувач - 13
III.1.1.2 оддел на негователи
- ниво Д3 негувател - 12

V.1.2 Помошно технички оддел
- Ниво А04 садомијач/серверка – 1 извршител
- Ниво А01хаус мајстор – 1 извршител
- Ниво А01 хигиеничар – 4извршители
- Ниво А01 перачка- пеглачка – 1 извршител

VI. ОРГАНИЗАЦИОНА ЕДИНИЦА – ОБЈЕКТ„Виножито “

Член 24

Раководителот на објект се назначува во објект каде има над две групи и проектиран капацитет на установа над 100 деца.

Работното место раководителот на објект е распореден во категорија А.

VI..1.Раководител на објект
-категорија А - 1

VI..1.1 Воспитно згрижувачка служба
III.1.1.1 оддел на воспитувачи
- ниво В3 воспитувач - 9
III.1.1.2 оддел на негователи
- ниво Д3 негувател - 13

VI..1.2 Помошно технички оддел
- Ниво А02 готвач – 2 извршители
- Ниво А03 помошник готвач – 3 извршители
- Ниво А04 садомијач/серверка – 2 извршители
- Ниво А01хаус мајстор – 1 извршител
- Ниво А01градинар – 1 извршител
- Ниво А01 хигиеничар – 4извршители
- Ниво А01 перачка- пеглачка – 1 извршител

VII. ОРГАНИЗАЦИОНА ЕДИНИЦА – ОБЈЕКТ„Сончогледи“

Член 25

Раководителот на објект се назначува во објект каде има над две групи и проектиран капацитет на установа над 100 деца.

Работното место раководителот на објект е распореден во категорија А.

VII.1.Раководител на објект
-категорија А - 1

VII.1.1 Воспитно згрижувачка служба
III.1.1.1 оддел на воспитувачи
- ниво В3 воспитувач - 14
III.1.1.2 оддел на негователи
- ниво Д3 негувател - 14

VII.1.2 Помошно технички оддел

- Ниво А01хаус мајстор – 1 извршител
- Ниво А01градинар – 1 извршител
- Ниво А01 хигиеничар – 5извршители
- Ниво А04 садомијач/серверка – 1 извршител

VIII. ОРГАНИЗАЦИОНА ЕДИНИЦА – ОБЈЕКТ„Пчелка/ Росица/ Звезда “

Член 26

Раководителот на објект се назначува во објект каде има над две групи и проектиран капацитет на установа над 100 деца.

Работното место раководителот на објект е распореден во категорија А.

VIII.1.Раководител на објект

-категорија А - 1

VIII.1.1 Воспитно згриживачка служба

III.1.1.1 оддел на воспитувачи
- ниво В3 воспитувач - 7

III.1.1.2 оддел на негователи
- ниво Д3 негователи - 6

VIII.1.2 Помошно технички оддел

- Ниво А03 помошник готвач – 1 извршител
- Ниво А01хаус мајстор – 1 извршител
- Ниво А01градинар – 1 извршител
- Ниво А01 хигиеничар – 5извршители

IX. ОРГАНИЗАЦИОНА ЕДИНИЦА – ОБЈЕКТ„Цветови/ Бамби “

Член 27

Раководителот на објект се назначува во објект каде има над две групи и проектиран капацитет на установа над 100 деца.

Работното место раководителот на објект е распореден во категорија А.

IX.1.Раководител на објект

-категорија А - 1

IX.1.1 Воспитно згриживачка служба

III.1.1.1 оддел на воспитувачи
- ниво В3 воспитувач - 10

III.1.1.2 оддел на негователи
- ниво Д3 негователи - 12

IX.1.2 Помошно технички оддел

- Ниво А01хаус мајстор – 1 извршител
- Ниво А01градинар – 1 извршител
- Ниво А01 хигиеничар – 8 извршители

1.1 ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ НА РАБОТНИТЕ МЕСТА

1.Административна помошно техничка служба	
1.1.Административен оддел – административни службеници	
Реден број	1
Шифра	ДЕЗ 01 02 В01 001
Ниво	В1

Звање	Советник - секретар
Назив на работно место	Советник - секретар
Број на извршители	2
Одговара пред	Директор
Вид на образование	со стекнати 240 кредити според ЕКТС или завршено високо образованиеVII/1 степен-Правни науки Минимум 3 години работно искуство
Други посебни услови	- активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски, германски). -Активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење
Работни цели	-следење на законските прописи и нивната имплементација со цел законско работење на установата. -усогласување на нормативните акти на јавната детска градинка со законските прописи; -стручно усовршување и оспособување преку семинари, обуки итн...; -дава стручни и правни совети, -управување со човечки ресурси.
Работни задачи и обврски	-ги организира работите на правно административната служба; -изработува предлог нормативни акти, одлуки, решенија и други правни акти кои ги донесува Управниот одбор, односно директорот; -по овластување од директорот ја застапува јавната детска градинка пред надлежните и други државни органи и ракува со печатот и штембилот на установата; -по потреба учествува во работата на стручните органи; -издава решенија, уверенија, потврди согласно законските прописи и акти на јавната детска градинка; -ја контолира кадровската и персоналната евиденција; -го контролира изработувањето на соодветни статистички извештаи за вработените; -учествува во спроведување на постапките за јавни набавки; -дава информации од јавен карактер; -одговорно лице за заштита на лични податоци; - врши ажурирање на плановите за Одбрана; - води соодветна евиденција за имотот на јавната детска градинка.

I. Административна служба и помошно технички персонал	
I.1. Административно помошно техничка служба	
I.1.1.Административен оддел	
Реден број	2
Шифра	ДЕЗ 01 02 В02 001
Ниво	В2
Звање	Виш Соработник
Назив на работно место	секретар
Број на извршители	2

Одговара пред	Директор
Вид на образование	Правни науки
Други посебни услови	
Работни цели	- Да ја спроведи нормативната дејност на градинката и се да функционира согласно законите и актитете кои се однесуваат на Градинката како правен субјект
Работни задачи и обврски	1.Управува со човечките ресурси. 2.Пријавува – одјавува јавни службеници во Агенцијата за вработување, Фондот за пензиско и инвалитско осигурување и Фондот за здравство. 3.Редовно да ги следи законските прописи, непосредно извршува правно- административни работи, подготвува предлог нормативни акти, одлуки, решенија и други правни акти кои ги донесува Управниот одбор, односно Директорот на градинката. 4.Правно ги подготвува сите писма, одлуки, решенија, норамтивни акти и други материјали кои ги донесува Директорот, односно Управниот Одбор, изработува статистички и други извештаи за градинката на барање на надлежни институции. 5..Активно учествува во спроведување постапка за јавните набавки. 6.Во соработка со Директорот подготвува материјали за седница на органот на управување, а по овластување на Директорот ја застапува градинката пред надлежните и други државни органи и ракува со печатот и штембилот на установата;

I. Административна служба и помошно технички персонал	
I.1. Административно помошно техничка служба	
I.1.1.Административен оддел	
Реден број	3
Шифра	ДЕЗ 01 02 В01 002
Ниво	В1
Звање	Советник
Назив на работно место	сметководител
Број на извршители	3
Одговара пред	Директор
Вид на образование	Економски науки
Други посебни услови	
Работни цели	Навремено и ажурно контирање на секојдневните финансиски промени во финансовата евиденција во сметководството
Работни задачи и обврски	1.Редовно ги прати законските прописи за сметководство и сметководствено работење и самостојно превзема мерки за усогласување на работењето на сметководството со истите. 2.Навремено и ажурно контирање на секојдневните финансиски промени во финансовата евиденција во сметководството 3.секојдневно изготвува налози за плаќање на

	финансиските обврски согласно законските прописи. 4.Уредно и правилно ја води сметковотствената евиденција и ги усогласува материјалните картици со финансовите. 5.Учествува во изготвувањето на годишните, месечните и кварталните финансови планови,учествува во изработка на планот за јавни набавки.

I. Административна служба и помошно технички персонал	
1. Административно помошно техничка служба	
I.1.1.Административен оддел	
Реден број	4
Шифра	ДЕЗ 01 02 В02 002
Ниво	В2
Звање	Виш соработник
Назив на работно место	Сметководител
Број на извршители	1
Одговара пред	Директор
Вид на образование	Економски науки
Други посебни услови	
Работни цели	Навремено, точно и во согласност со законските прописи ги организира и води јавните набавки во установата.
Работни задачи и обврски	-прави пресметка на платите и надоместоците на работиците; - ги усогласува материјалните картици со финансовите; - врши навремено и ажурно контирање на секојдневни финансиски промени во финансовата евиденција во сметководството; - учествува во изготвувањето на финансови планови, финансови извештаи и планот за јавни набавки - изготвува материјали, правилници и упатства за пописните комисии и ја организира работата во врска со пописот; - ја следи реализацијата на јавните набавки;

Реден број	5
Шифра	ДЕЗ 01 02 Г02 003,
Ниво	Г2
Звање	Референт– вршител на административни работи
Назив на работно место	Помошно стручен службеник
Број на извршители	2
Одговара пред	Директор/Советник секретар
Вид на образование	-Ниво на квалификациите VA или ниво на квалификации IV според македонската рамка на квалификации и стекнати 180 или 240 кредити според ЕЦВЕТ или МКСООили најмалку вишо или средно образование(економско, правно,гимназија) Минимум 3/ 2/1 години работно искуство / и со и без работно искуство
Други посебни услови	- активно познавање на еден од трите најчесто

	користени јазици на Европската Унија (англиски, француски, германски). -Активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење
Работни цели	-правилно евидентирање на архивскиот и документарниот материјал -распоредување и чување на архивскиот материјал согласно законот за архивскиот материјал -работи на сопственото стручно и професионално усовршување , следи стручна литература, семинари и советувања организирани од стручни институции од доменот на архивското работење.
Работни задачи и обврски	-ракува со печатот и штембилот на установата; -документарниот материјал, истиот го чува, заштитува и одржува во изворна и безбедна состојба да не се оштети, изчезне или уништи и користи согласно закон и други прописи или општи акти; -дава подтоци и информации за архивскиот и документираниот материјал на Државниот Архив и дозволува увид на овластено лице од Државниот Архив во неговата состојба како и истражување, поручување, снимање, користење на архивскиот и документираниот материјал; -обезбедува доспатност на архивскиот и документираниот материјал на јавноста огласно со закон и други прописи; -го известува Државниот Архив за сите правни и фактички промени на архивскиот и документираниот материјал; -врши прием, евидентирање, распоредување, чување и испраќање на архивскиот материјал; -врши тековно одбирање на архивскиот од документираниот материјал, издвојување и попис на документираниот материјал за уништување; -го изготвува планот за архивски материјал,води едвиденција (попис и опис), го обележува и чува архивскиот материјал; -го води деловодникот, надворешна и интерната доставна книга на установата. врши пресметка на износот за престој на децата и изготвува месечни листи за евиденција на реализираните обврски на корисниците на услуги; - учествува во изготвувањето на статистички извештаи за јавната установа за деца.

III. Организациона единица – објект „ДРУГАРЧЕ“	
III.1 Раководител на објект	
Реден број	6
Шифра	ДЕЗ 03 03 А01 008
Ниво	А1
Звање	Раководител
Назив на работно место	Раководител
Број на извршители	1
Одговара пред	Директор

Вид на образование	Дипломиран професор по предучилишно воспитание, Дипломиран воспитувач на деца од предучулишна возраст, Дипломиран педагог за предучилишно воспитание, Дипломиран педагог
Други посебни услови	Важечка лиценца за стручен работник и воспитувач
Работни цели	Организирање, кооординирање и контролирање на работата во објектот
Работни задачи и обврски	-распоредување на работите и задачите на давателите на услугите и другите вработени во објектот - давање на стручна помош, совети на давателите на услугите и другите вработени - се грижи за спроведување на работната дисциплина на вработените во организационата единица со која раководи - подготвува извештаи за напредокот во спроведувањето на програмата за работа на организационата единица со која раководи -учествува во подготовка на програма за работа на организационата единица со која раководи - врши оценување на давателите на услугите и другите вработени во организационата единица - соработува со директорот и другите раководители на организационите единици во состав на установата

II. ДАВАТЕЛИ НА УСЛУГИ	
1.Стручна служба	
II.1.1. Оддел на стручни работници	
Реден број	7
Шифра	ДЕЗ 03 03 Б03 001
Ниво	Б3
Звање	Стручен работник
Назив на работно место	Дипломиран педагог
Број на извршители	1
Одговара пред	Директор
Вид на образование	- Дипломиран педагог и најмалку една година работно искуство во струката
Други посебни услови	Важечка лиценца за стручен работник
Работни цели	изготвување на програмата за стручно усовршување на воспитниот и згрижувачкиот кадар во градинката
Работни задачи и обврски	1.Ја планира педагошката, згрижувачко – воспитно - образовната работа во градинката и учествува во подготвување на годишната програма на градинката, изготвувањето на програмата за работа и извештајот за работа на градинката; 2. Заедно со директорот работи во унапредување на згрижувачко- -воспитно – образовната работа, ја следи, насочува и ја контролира реализацијата на згрижувачко воспитната работа во градинката, учествува во планирањето на воспитно-образовната работа во сите воспитни групи при глобалното годишно планирање, месечното и дневно планирање. 3.Активно соработува со воспитувачите и негователките и им дава стручни совети во реализацијата на згрижувачко-воспитно - образовната

	работа, следи, анализира и истражува карактеристични педагошки појави кои произлегуваат од воспитно-образовниот и згрижувачки процес и нуди мерки за нивно надминување, Дава стручна помош на воспитувачите и негователките во избор на форми, теми, содржини, надгледни средства, литература за работа со децата, работи со деца со посебни потреби и го следи нивниот развој, изготвува план за работа со децата во летниот период, изготвува план за детската недела и план за секој месец, учествува во издавачка дејност и аналитичко – истражувачка работа. 4.Уредно ја води главната книга за упис на деца и учествува во распоредот на децата во воспитни групи со директорот, дава стручна помош на воспитниот и негователскиот кадар во водење на педагошка евиденција и педагошка документација за воспитно-образовните активности на воспитната група, дава инструктивно - педагошка помош на децата, родителите, воспитувачите, негувателките и води соодветна евиденција, изготвува прегледи, извештаи и препораки. 5.Учествува во планирањето, организирањето и реализирањто на стручното усовршување на воспитниот и негувателскиот кадар, учествува во изготвување на јавната и културната дејност на градинката и во реализација на истата, учествува во работата на Стручниот совет, Советот на воспитувачи и Советот на негователки, учествува во работата на Комисијата за прием на деца со посебни потреби. 6.Работните задачи педагогот ги реализира преку тимска работа со -згрижувачко – воспитно - образовниот кадар, со стручните работници и соработници и директорот на градинката, соработува со родителите на децата. 7.Ја планира и евидентира реализацијата на сопствената работа,перманентно работи на сопственото професионално и стручно усовршување,поднесува извештај за својата работа до директорот,соработува со соодветни јавни установи и стручни институции,води педагошки досиеа за децата;

II. ДАВАТЕЛИ НА УСЛУГИ	
1.Стручна служба	
II.1.1. Оддел на стручни работници	
Реден број	8
Шифра	ДЕЗ 03 03 Б03 002
Ниво	Б3
Звање	Стручен работник
Назив на работно место	Дипломиран психолог
Број на извршители	1
Одговара пред	Директор
Вид на образование	– Дипломиран психолог и најмалку една година работно искуство во струката

Други посебни услови	Важечка лиценца за стручен работник
Работни цели	Ги проучува современите достигања на општата и детската психологија и нивна примена со содржини и средства, форми и методи достапни на психофизичките можности на децата од предучилишна возраст
Работни задачи и обврски	**1.**Изготвува годишна програма, оперативен план и годишен извештај за својата работа,работи на постојано дополнување и квалитетно унапредување на сопственото знаење и на знаењето на воспитниот и негователскиот кадар преку организирање предавања, работилници и сл; 2.Го следи развојот на децата,ги следи, анализира и тестира децата што отстапуваат во интелектуалниот развој и нуди мерки за нивно надминување или ублажување; 3.Изготвува планови за инклузија за децата со посебни потреби и го следи на нивниот развој,изготвува психолошки досиеја за децата со кои работи; 4.Соработува со родителите на децата,соработува со родителите на децата со посебни потреби; 5.Работните задачи психологот ги реализира преку тимска работа со згрижувачко – воспитно - образовниот кадар, со стручните работници и соработници и во соработка со директорот,учествува во работата на Стручниот совет, Советот на воспитувачи и Советот на негователки,учествува во изготвувањето на сценарија за приредби, куклени престави и други јавни настапи на децата и зема активно учество во реализацијата на истите,учествува во планирањето, организирањето и реализирањто на стручното усовршување на воспитниот и негувателскиот кадар,учествува во планирањето на воспитно-образовната работа на децата од најраната и постарата предучилишна возраст,учествува во издавачка дејност, аналитичко –истражувачка работа, и во превентивно терапевтска работа, 6.Изготвува план за работа со децата во летниот период,изготвува план за детската недела и план за секој месец,ја следи реализацијата на планот и програмата за работа на Детската градинка; 7.Констатира несоодветно однесување и работи на откривање на причината на таквото однесување кај детето, 8.Остварува тесна соработка со родителите на децата: кои имаат проблем во однесување, на деца со посебни потреби, на деца на разведени родители, на посвоени деца, се со цел да се заштити психичкиот развој на детето,активно соработува со воспитувачите и негователите и им дава стручни совети за работа со деца кои имаат проблеми во однесувањето,соработува со соодветни јавни установи и стручни институции,остварува тесна соработка со родителите на децата: кои имаат проблем во однесувањето, на деца со посебни

	потреби, на деца на разведени родители, на посвоени деца, се со цел да се заштити психичкиот развој на детето;

II. ДАВАТЕЛИ НА УСЛУГИ	
1.Стручна служба	
II.1.1. Оддел на стручни работници	
Реден број	9
Шифра	ДЕЗ 03 03 Б03 004
Ниво	Б3
Звање	Стручен работник
Назив на работно место	Дипломиран дефектолог (специјален едукатор и рехабилитатор)
Број на извршители	1
Одговара пред	Директор
Вид на образование	Дипломиран дефектолог/ специјален едукатор и рехабилитатот и најмалку една година работно искуство во струката
Други посебни услови	Важечка лиценца за стручен работник
Работни цели	Откривање и следење на деца со посебни потреби
Работни задачи и обврски	1.ги следи советите на менторот,врши редовни косултации во врска со надминување на проблемите кои се јавуваат во тековното работење,го набљудува менторот во извршување на конкретни работни задачи, 2.бара совети од менторот за секоја конкретна активност,работи под надзор на менторот и заедно ги утврдуваат целите кои требаат да бидат постигнати со менторството,извршува работи, работни задачи и активности договорени со менторот во утвдениот рок. 3.отворено дискутира со менторот за проблеми поврзани со извршувањето на работаа и работните задачи, како и за други проблеми кои влијаат врз работата и работните задчи, оспособување за самостојно вршење на работните задачи 4.Изготвува годишна програма, месечен и оперативен план и годишен извештај за сопствената работа; 5.Учестува во работата на Комисијата за прием на деца со посебни потреби,учествува во изготвувањето на Годишна програма (Акционен план) за деца со посебни потреби,изготвува индивидуални образовни планови за деца со посебни потреби; 5.Врши индивидуален дефектолошки третман кај децата со посебни потреби,ги следи, анализира и евидентира ефектите од индивидуалниот воспитно-образовен план од работата со децата со посебни потреби,Работи на организирање и спроведување на отворена соработка со родителите на децата со посебни потреби,дава подршка и насоки на воспитувачите и негователите кои во групите имаат

